Влада на Република Северна Македнија

**Агенција за млади и спорт**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë Veriore

**Agjencia për rini dhe sport**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT "8 SHTATORI"
Бр.-Nr. 08-1673/3
04-08-2022 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Одборот за доделување на државната награда „ 8-ми Септември" врз основ на членот 24 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „8 Септември" бр. 08-1673/1 од 29.07.2022 година, распишува**

# К О Н К У Р С

## За доделување на државната награда „8-ми Септември" во 2022 година

Со државната награда „8-ми Септември" се оддава признание на спортистите, тренери и спортски работници за остварување во областа на спортот.

Со наградата „ 8-ми Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план се оддава признание на тренери (селектори и тренери) и спортски работници заради промовирање на Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Северна Македонија.

Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда е за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план.

Иницијатива за доделување на:

- Една Награда „8-ми Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, ја доставува матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалку десет национални спортски федерации. Една национална спортска федерација може да даде поддршка само на три кандидати за награда за животно дело за исклучителен придонес за развој на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план. Кандидатите при поднесување на иницијативите задолжително да приложат документ со кој ќе се потврди поддршката донесена и верификувана на седницата на управен одбор од соодветната национална спортска федерација.

- Четири награди „8-ми Септември" со кои се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот може да достават поединци, спортски клубови, национални спортски федерации и други организации од дејноста спорт.

Право на конкурирање и поднесување на иницијативи имаат поединци, спортски клубови, национални спортски федерации и други организации од дејноста спорт.

Паричниот износ од државната награда „ 8-ми Септември" изнесува (10) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

На наградениот за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план му се доделува плакета, диплома и паричен износ. Паричниот износ на наградата „ 8-ми Септември" за животно дело е доживотна месечна исплата на една просечна плата исплатена во последните три месеца на тековната година.

Подноситилите на иницијатива за доделување на државната награда треба детално да ја образложат иницијативата.

**Во текстот треба да се содржани: биографски податоци, адреса на живеење, податоци за остварените резултати во областа во која што е постигнато остварувањето и други документирани податоци и аргументи за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето.**

Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон. **Иницијативата (во комплетирана форма, вклучително и прилозите) да се достави во 20 примероци.**

Конкурсот трае 20 дена, односно од 5 август до 24 август 2022 година, до 16 часот.

Иницијативите треба да се достават на адреса:

**До:**

**Агенција за млади и спорт – Одбор за доделување на државна награда „8 Септември",**

**ул. „Македонија" бр. 38, Палата „Панко Брашнаров" , 1000 Скопје,**

**Република Северна Македонија**

**Напомена** - Некомплетните иницијативи и иницијативите доставени вон утврдениот рок за прием по објавениот Конкурс, нема да бидат разгледувани.

Претседател на Одборот

Гордана Нацева

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT „8 SHTATORI"
Скопје - Shkup